Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението
за избор на претседател и членови на
Верификационата комисија

1. Го објавувам Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 18.04.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-427/1
19.04.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и член 9 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 15/05), Советот на Општината Битола на Првата (Конститутивна) седница одржана на 18.04.2013 год., донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за избор на претседател и членови на Верификационата комисија

1. Се избираат претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Битола во состав:

За претседател Соња Трпезановска

За членови:

- Благој Шаклевски,
- Леонида Чолаковски,
- Зоран Стојчевски и
- Снежана Стоилова

2. Верификационата комисија, врз основа на известувањето од Општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на Советот, како и по утврдувањето на нивниот идентитет, поднесува извештај до Советот со предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-10/3<br>
18.04.2013 год.<br>
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>
на Конститутивната седница<br>
на Советот на Општината Битола,<br>
Стојан Кулевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката
за верифицирање мандатите на членовите
на Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за верифицирање мандатите на членовите на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 18.04.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-427/2
19.04.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола бр.10/05), а во врска со известувањето на Општинската изборна комисија бр.186/2 од 11.04.2013г. и поднесениот извештај и предлогот за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општината Битола од страна на Верификационата комисија, Советот на Општината Битола на конститутивната седница одржана на 18.04.2013 година, донесе

# О Д Л У К А
## за верифицирање мандатите на членовите на Советот на Општината Битола

### Член 1

Се верифицираат мандатите на членовите на Советот на Општината Битола избрани на локалните избори одржани на 24.03.2013 година и тоа:

1. Ангелевска Силвана
2. Атанасовска Катерина
3. Богоев Јовица
4. Груевски Валентин
5. Димовски Илче
6. Ѓоргиевски Александар
7. Ибиш Иса
8. Илиевска Габриела
9. Илијевски Методија
10. Јанкуловски Николче
11. Карапашовска Соња
12. Ковачевиќ Виолета
13. Ковачевски Васко
14. Козаров Горан
15. Котески Благојче
16. Кулевски Стојан
17. Лозановска Олга
18. Милевски Пеце
19. Милошевски Златко
20. Михајловски Горан
21. Наумов Томе
22. Петровска Наташа
23. Силјановска Јулијана
24. Стоилова Снежана
25. Стојчевски Зоран
26. Трајчевска Елена
27. Трпезановска Соња
28. Ќурчиевски Златко
29. Хаџиевски Игор
30. Чолаковски Леонида
31. Шаклевски Благој

Член 2

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години, сметано од 18.04.2013 год.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,“.

Бр. 07-10/4
18.04.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Конститутивната седница
на Советот на Општината Битола,
Стојан Кулевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението
за формирање Комисија за мандатни прашања,
избори и именувања

1. Го објавувам Решението за формирање Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 18.04.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-427/3
19.04.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 42 и 70 од Статутот на Општината Битола (,,Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 18.04.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Комисија за мандатни прашања,
избори и именувања

1. Се формира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општината Битола, во состав:

За претседател: Игор Хаџиевски
За членови: 1. Соња Трпезановска
2. Јовица Богоев
3. Горан Козаров
4. Благојче Котески

2. Комисијата има задача да дава предлози и мислења од нејзината надлежност до Советот на Општината Битола, во врска со именувањата и разрешувањата од надлежност на Советот, да определува висина на плати, други надоместоци и примања и др.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-10/5
18.04.2013 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Конситутивната седница на
на Советот на Општината Битола,
Стојан Кулевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението
за избор на претседател
на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за избор на претседател на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 18.04.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-427/4
19.04.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на Конститутивната седница одржана на 18.04.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на претседател
на Советот на Општината Битола

1. За претседател на Советот на Општината Битола се избира д-р Силвана Ангелевска.

2. Мандатот на претседателот на Советот на Општината Битола започнува од 18.04.2013 година и ќе трае до одржувањето на нови избори за членови на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-10/6
18.04.2013 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Конститутивната седница на
Советот на Општината Битола,
Стојан Кулевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението
за депонирање потпис на овластено лице
на жиро сметките на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за депонирање потпис на овластено лице на жиро сметките на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 18.04.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-427/5
19.04.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 123 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 18.04.2013 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за депонирање потпис на овластено лице
на жиро сметките на Општината Битола

1. Со паричните средства на жиро сметките:

| | |
|---|---|
| - Буџет на Општината Битола | 703014002963013 |
| - Орган на Општина Битола | 703014002963719 |
| - Сметка за наменска дотација-Пожарна | 703014002993710 |
| - Сметка за наменска дотација | 703014002993015 |
| - План за развој на прекугранична заедничка заштита од пожар – FIRESHILD | 7030140029785 ВО |
| - Трансфер на знаење за примена на централно греење во Битола и Новаци - Телетерм | 7030140029785 А5 |
| - Депозитна сметка на Општина Битола | 703014002969614 |
| - ЗОО Иноватива – Општина Битола | 7030140029785 Ц4 |

за полноважен потписник се овластува градоначалникот на Општината Битола, Владимир Талески.

2. Потпишувањето на жиро сметките на Општината Битола ќе се врши со еден потпис.

3. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за депонирање потпис на овластено лице на жиро сметките на Општината Битола бр. 07-745/7 од 22.04.2009 година.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-10/7
18.04.2013 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
д-р Силвана Ангелевска